СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

на Општина Новаци

Број 16/24

Излегува по потреба 07.11.2024 година (четврток) бр. 16 година XXVIII
ж-сметка 749014004563010 Депонент: Народна банка на Македонија
E-mail: opstina@opstinanovaci.gov.mk Примерок - 50 ден.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Статут за изменување и дополнување на Статут на Општина Новаци

1. Се прогласува, Статут за изменување и дополнување на Статут на Општина Новаци, што Советот на Општина Новаци, го донесе на седницата одржана на 07.11.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-772/2
07.11.2024г.
Новаци

Градоначалник
на Општина Новаци
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.05/02 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24), член 21 став 1 точка 1 од Статутот на Општина Новаци (,,Службен гласник на Општина Новаци бр.7/19 и Одлуката за изменување и дополнување на Статут на Општина Новаци бр.14-226/5 од 28.02.2024г. и бр. 14-738/4 од 05.11.204г., Советот на Општина Новаци, на седницата одржана на ден 07.11.2024 година, донесе:

СТАТУТ
за изменување и дополнување на Статут на Општина Новаци

Член 1

Со ова̀ај Статут се врши изменување и дополнување на Статутот на Општина Новаци бр.14-517/4 од 12.06.2019 година.

Член 2

Во член 6 од Статутот, изгледот на грбот на Општина Новаци:

,,



,,

се заменува со:

,,



,,

Член 3

Во член 7 од Статутот, изгледот на знамето на Општина Новаци:

,,



,,

се заменува со:

,,



,,.

Член 4

Во Глава **VII.ПОСЕБНИ ТЕЛА НА ОПШТИНАТА**, во точка **б) Совет за заштита на потрошувачите**, во членот 79 став 2 по запирката (,) зборовите: ,,претставници на поголемите групи на корисници на јавните услуги во општината и тоа три членови се избираат од редот на правните лица и четири члена од редот на физичките лица'', се заменуваат со зборовите: ,,од редот на советниците, здруженијата на потрошувачи и други здруженија на граѓани, јавните претпријатија, стопанските комории и од државните органи на инспекцискиот надзор кои имаат наджности поврзани со заштита на потрошувачите.''

Ставот 3 се менува и гласи: ,, Мандатот на челеновите на Советот изнесува 4 години, со право на повторен избор.''

Член 5

Во членот 80 ставот 2 се брише.

Член 6

Во членот 82 ставот 6 се менува и гласи: ,,Советот за заштита на потрошувачите предлага двегодишна Програма за заштита на потрошувачите, во согласност со Програмата за заштита на потрошувачите на Владата, која ја усвојува Советот на Општина Новаци.''

По став 6 се додава нов став 7 кој гласи: ,,Советот за заштита на потрошувачите остварува редовни контакти и соработка со Советот за заштита на потрошувачите на Владата на Република Македонија.''

Член 7

Точка в) "**Совет на млади на Општина Новаци**" и членовите ,,84 и 85" се менуваат и гласат:

,,**в) Локален младински совет**

Формирање на локален младински совет

Член 84

Во Општина Новаци се формира локален младински совет кој има советодавна и застапувачка улога од делокругот на младински прашања и политики.

Претставниците на локалниот младински совет имаат право да:

-предлагаат точки на дневен ред на Советот на општината кои ги загеаат младите,

-иницираат прашања за млади од делокругот на работата на општината,

-иницираат, учествуваат и даваат повратни инфомрации за процесот на локалната младинска стратегија и други политики,

-доставуваат информации до општината за прашања кои се однесуваат на младите,

-вршат други советодавни и застапувачки работи во согласност со Законот за младинско учество и младински политики.

Локалниот младински совет е составен од 5 членови.

Членовите на локалниот младински совет имаат мандат од две години со право на уште еден избор.

Локално собрание на млади

Член 85

За конституирање на локалното собрание за млади се свикува иницијативен одбор, составен од претставници на младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување.

Иницијативниот одбор го распишува повикот за членови во конститутивното локално собрание за млади на општина Новаци по принципот на транспарентност и јавност.

Иницијативниот одбор се формира само за одржување на конститутивното локално собрание за млади.

Во локалното собранието за млади можат да членуваат младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување.

Формите на организирање и здружување од ставот еден и ставот четири на овој член не мора да бидат регистрирани во Општина Новаци, но мора да имаат активности на територијата на Општина Новаци.

Формите на организирање кои членуваат во локалното собрание за млади номинираат делегат и заменик-делегат, кои се жители на Општина Новаци на возраст од 15 до 29 години. ”

Член 8

По член 85, се додаваат пет (5) нови члена 85-а, 85-б, 85-в, 85-г и 85-д кои гласат:

,,**Избор на членови на Локален младински совет**

Член 85-а

Изборот на членови на локалниот младински совет се врши во постапка со јавен повик.

Јавниот повик за членови на локалниот младински совет го објавува локалното собрание на млади, кој се објавува на веб-страницата на Општина Новаци.

Членовите на локалното собрание на млади избираат членови на локалниот младински совет по пат на непосредни избори со тајно гласање.

За избрани членови на локалниот младински совет се сметаат оние кандидати кои освоиле најмногу гласови од страна на присутните делегати.

Членовите на локалниот младински совет на Општина Новаци се верификуваат од страна на Советот на Општина Новаци по добиена одлука за избор на членови од страна на Собранието на млади на Општина Новаци.

Од избраните членови на локаниот младински совет се избираат претседател и заменик-претседател.

Локална стратегија за млади

Член 85-б

Локална стратегија за млади е стратешки документ со кој во согласност со Националната стратегија за млади, се утрвдуваат среднорочни цели и приоритети за развој на младинските политики и унапредување на интересите на младите на локално ниво и се утврдуваат организациски, финасиски и административни мерки за нивно остварување.

Локалната стратегија содржи и Акциски план за реализација со дефинирани активности, динамика, носители на активности и проекции на буџетски средства, како и услови и индикатори за евалуација за спорведувањето на локалната стратегија за млади.

Локалната стратегија за млади ја донесува Советот на Општина Новаци за период од пет години.

Локалната стратегија за млади ја изработува Општина Новаци во соработка со локалниот совет за млади.

Акциските планови за локалната стратегија за млади се изработуваат од страна на Општина Новаци во соработка со локалниот совет на млади, а ги донесува Советот на Општина Новаци во период од една до три години и за нив се поднесува и буџет за реализација.

Локалната стартегија за млади се спроведува со буџетски средства од Општина Новаци.

Канцелари за млади

Член 85-в

Во Општина Новаци се формира канцеларија за млади од каде се координира работата за млади во Општина Новаци и претставува примарна точка за пристап на младите на локално ниво.

Младински центар

Член 85-г

Младински центар е место каде се подготвуваат и спорведуваат програми кои ја подобруваат благосостојбата на младите, равојот на личниот, социјален и професионален живот на младите, информации од важен интерес за младите и други аспекти од животот на младите.

За работа со млади во младинскиот центар одговорни се младински работници.

Младински центар се основа во соработка меѓу Општина Новаци и младински форми на организирање регулирани со закон.

Службеник за млади

Член 85-д

Општина Новаци е должна да одреди службеник за млади, лице одговорно за работењето на канцеларијата за млади за координирање, спроведување и следење на прашања од интерес на младите во делокругот на надлежностите на општината.

Службеникот за млади изготвува годишен извештај за работата на Општина Новаци во делокругот на млади кои ги поднесуваат до Агенција за млади и спорт и го објавува на веб-страницата на Општина Новаци.

Контакт информациите за службеникот за млади се јавно достапни преку гласилата на Општина Новаци.

Од буџетот на Општина Новаци, за млади се издвојуваат средства во висина од најмалку 0,1% на годишно ниво.”

Член 9

Статутот за изменување и дополнување на Статутот на Општина Новаци, влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Новаци”.

Претседател на Совет
на Општина Новаци
Славица Најдовска-Стојковска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за измена и дополнување на Буџетот на Општина Новаци за 2024 год.

1. Се прогласува, Одлука за измена и дополнување на Буџетот на Општина Новаци за 2024 год., што Советот на Општина Новаци, ја донесе на седницата одржана на 07.11.2024 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-772/3
07.11.2024г.
Новаци

Градоначалник
на Општина Новаци
Стевче Стевановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/2002), член 29 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр. 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и Сл.весник на РСМ„ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22 год.) и член 61 од Законот за буџети („Службен весник на РСМ" бр. 203/23 и 76/24), Советот на општина Новаци на на -та седница, одржана на година, донесе:

Одлука за измена и дополнување на Буџетот на Општина Новаци за 2024 год.

Општ дел

Член 1

Измена и дополнување на Буџетот на Општината Новаци за **2024 година** се состои од:

I.Вкупни приходи	**БУЏЕТ**	**РЕБАЛАНС**
	188.187.099,00	**192.432.632,00**
Даночни приходи	16.095.000,00	16.095.000,00
Неданочни приходи	3.365.000,00	3.365.000,00
Капитални приходи	57.455.654,00	57.455.654,00
Приходи од дотации	46.774.502,00	47.084.502,00
Приходи од трансфери	47.696.943,00	51.632.476,00
Приходи од донации	16.800.000,00	16.800.000,00
II. Вкупни расходи	**206.721.549,00**	**211.116.629,00**
Од утврдени намени	206.571.549,00	210.966.629,00
Расходи од резерви	150.000,00	150.000,00
III.Дефицит	-18.534.450,00	-18.683.997,00
IV.Финансирање	**18.534.450,00**	**18.683.997,00**
Прилив	20.380.285,00	20.380.285,00
Домашни задолжувања	0,00	
Депозит	20.380.285,00	20.380.285,00
Одлив	**1.845.835,00**	**1.696.288,00**
Отплата на главница	1.845.835,00	1.696.288,00

Член 2

Приходите по извори и видови на приходи и расходите по основни намени и програми се утврдени во консолидираниот биланс на приходите и расходите, билансот на тековно-оперативни расходи и билансот на капитални расходи на Општината Новаци за 2024 година, а чиј составен дел се и Прегледот на развојните програми.

Член 3

Приходите и расходите во износ од **212.812.917,00 денари** искажани по основни намени во Билансот на приходи и расходи во буџетот на Единицата на локална самоуправа за 2024 година, се распоредени по корисници и поблиски намени во посебниот дел

Член 4

Одлуката за измена и дополнување на Буџетот на Општина Новаци влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во Службен гласник на Општината Новаци.

Совет на општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска
_____

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на План на Програми за развој

1. Се прогласува, План на Програми за развој, што Советот на Општина Новаци, го донесе на седницата одржана на 07.11.2024 година.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-772/4
07.11.2024г.
Новаци

Градоначалник
на Општина Новаци
Стевче Стевановски

Образец В 1

Врз основа на член 36 став 1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и„,Службен весник на РСМ“ бр. 202/24),член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на Општина Новаци („Сл. гласник на Општина Новаци " бр. 07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на 07.11.2024 год. донесе: ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ

Име на буџетска програма	Изградба на улица до индустриската зона крак 3	Ознака на буџетска програма	ЈД
Развојна потпрограма	Изградба и реконструкција на локални улици и патишта	Ознака на развојна потпрограма	ЈДА
Лице за контакт	Оливера Димитровска	Тел. и телефакс	047/203060
Функција:	Раководител на одделение за финансиски прашања	Е-маил	
Адреса:	7211		

Цели на развојната потпрограма (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма)	Изградба на индустриска зона
Планирани активности	Распишување оглас за јавна набавка,избор на најповолен понудувач,склучување договор

Очекувани резултати / ефекти	**Економски развој на општината**				
Ризик и претпоставки	**Непедвидливи расходи,временски услови,тендерска постапка**				
Датум на започнување со имплементација на проектот	**2024**				
Датум на завршување на проектот	**2026**				
Вкупна вредност					
Име на студија					
Ниво на студија*	**ГП**				
Автор/Фирма, седиште	**Глобал инжинеринг**				
Датум на изготвување на проектна документација	**2022/2023**				
		2024	**2025**	**2026**	**2027**
Индикатори					

*ДИП=Документ за идентификација на проектот (студија)

ИП = Идеен проект

ГП=Главен проект

ПФС=Пред-физибилити студија

ФС=Физибилити студија

ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА

		Динамика на финансирање						
Извор на финансирање	**Статус на финансирање***	**Вкупен износ на проектот во МКД**	**Потрошено заклучно со 31.12.2021**	**Предвидени расходи за 2024**	**2025**	**2026**	**2027**	**По 2027 година**
1	2	3	4	5	6	7	8	9
Буџет (630)		19,536,504		3,000,000	0	5,536,504		
Буџетско учество								
ДДВ								
Вкупни донации								
Име на донатор**				3,000,000	11,000,000			
Име на донатор**								
Име на донатор**								
Вкупни заеми								
Име на кредитор**								
Име на кредитор**								
Име на кредитор**								
Други извори на финансирање ***								
Вкупно		19,536,504		6,000,000	11,000,000	5,536,504		

Ако е С= сигурен, внеси го датумот на потпишување на финансискиот договор или внеси КС = Квази сигурен, (што покажува дека договорот не е сеуште потпишан) или П = преговори (што покажува дека финансиерот е идентификуван и заинтересиран да го поддржи проектот).

**** Тука да се наведат донаторите и кредиторите. Доколку има повеќе донатори или кредитори, да се внесе секој поодделно.**

Ако изворот на финансирање е донација од ЕУ, да се наведе дали се работи за ИПА средства

*****Да се наведат конкретните сопствени извори на инвеститорот (јавните претпријатија на општината, регионални центри, невладини организации и др.)***

Претседател
на Совет на Општина Новаци
Славица Најдовска Стојковска

_____

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02 и „Сл. весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 68 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/19), Градоначалникот на Општина Новаци донесе

ЗАКЛУЧОК
за прогласување на Одлука за одобрување набавка на градежен материјал за манастирот „Св. Илија“ с. Гнилеш

2. Се прогласува, Одлука за одобрување набавка на градежен материјал за манастирот „Св. Илија“ с. Гнилеш, што Советот на Општина Новаци, го донесе на седницата одржана на 07.11.2024 година.

4. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци“.

08-772/5
07.11.2024г.
Новаци

Градоначалник
на Општина Новаци
Стевче Стевановски

Врз основа член 36 став 1 точка 15, член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ“ бр. 05/02 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24), член 21 став 1 точка 49 и член 94 од Статутот на Општина Новаци (,,Службен гласник на Општина Новаци“ бр. 07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 07.11.2024 година, донесе:

ОДЛУКА
за одобрување набавка на градежен материјал за манастирот „Св. Илија“ с. Гнилеш

Член 1

Со оваа Одлука, се одобрува набавка на градежен материјал во износ од
200 000,00 ден. за реконструкција на опожарениот манастир „Св. Илија“ во село Гнилеш.

Член 2

Градежниот материјал ќе го набави Општина Новаци, согласно Законот за јавни набавки.

Член 3

Средствата од член 1 на оваа Одлука, ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци за 2025 година.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Новаци“.

14-746/7
07.11.2024г.
Новаци

Претседател на Совет на
Општина Новаци
Славица Најдовска Стојковска

СОДРЖИНА

1. Заклучок за прогласување на Статут за изменување и дополнување на Статут на Општина Новаци;
2. Заклучок за прогласување на Одлука за измена и дополнување на Буџетот на Општина Новаци за 2024 год.;
3. Заклучок за прогласување на План на Програми за развој;
4. Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување набавка на градежен материјал за манастирот „Св. Илија“ с. Гнилеш.

Издавач: Градоначалник на Општина Новаци

тел. 047 203 060 **Народна банка на РСМ**
Буџет на Општина Новаци **Д.Б. 4002004169848**
Сметка 749014004563010 **Приходна Шифра**